**20140511676**

**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

Врз основа на член 56 став (3) точка а) и став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113 /2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012 и 13/2013) и член 7 став (1) точка ѓ) од Статутот на Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (бр.01-385/3 од 18.03.2013 година) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата на 26.11.2013 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ВИСИНАТА НА МЕСЕЧНИОТ НАДОМЕСТ ЗА 2014 ГОДИНА ШТО АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ГО НАПЛАТУВА ОД ПЕНЗИСКИТЕ ДРУШТВА

Член 1

Висината на месечниот надомест за 2014 година што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од секое пензиско друштво изнесува 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец.

Член 2

Надоместот од член 1 на оваа Одлука се пресметува како процент од вкупните придонеси уплатени во претходниот месец во секој пензиски фонд со кој управува пензиското друштво.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се објави по добивањето согласност од Собранието на Република Македонија.

Бр. 02-1566/6
11 декември 2013 година
Скопје

Претседател
на Советот на експерти,
д-р **Булент Дервиши,** с.р.